**ДРЖАВЕН ПРОСВЕТЕН ИНСПЕКТОРАТ – СКОПЈЕ**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ОД ИЗВРШЕНА ИНТЕГРАЛНА ЕВАЛУАЦИЈА ВО
# ООУ „БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ“ - ПРОБИШТИП

**ФЕВРУАРИ, 2024**

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Државен просветен инспекторат**
Број: **0901/14-03/3**
**20.02.2024** година

**Виница**

| **ООУ „Браќа Миладиновци“ Пробиштип** | |
|---|---|
| **Конечен извештај од извршена интегрална евалуација** | |
| **Датум на интегрална евалуација:** | 27, 28 и 29.11.2023 |
| **Број на извештај:** | 09/2/2023 |
| **Раководител на инспекциски тим:** | Елена Павлова |
| **Вид на училиштето:**<br>**Основач на училиштето:** | Основно училиште<br>Општина Пробиштип |
| **Наставен јазик:** | Македонски јазик |
| **Број на ученици:** | 614 |
| **Полова структура на ученици:** | 295 женски и 319 машки |
| **Број на наставници:** | 67 |
| **Претседател на училишниот одбор:** | Моника Ступиќ |
| **Директор на училиштето:** | Анета Миховска Гаврилов |
| **Датум на претходна интегрална евалуација:** | 11-13.04.2018 година |
| **Адреса на училиштето:** | ул.„Гоце Делчев“ бр.2 Пробиштип |
| **Телефон:** | 032 483 085 |
| **Факс:** | 032 483 085 |
| **e-mail:** | b_miladinovci@yahoo.com |
| **Оценка ИЕ** | 2.93 (добро) |

Инспекцискиот надзор е извршен во согласнот сочленовите 2, 19, 25 и 26 од Законот за просветна инспекција („Сл.весник на РМ“ број 52/2005; 81/2008; 148/2009; 57/2010; 51/2011; 24/2013; 137/2013; 164/2013 , 41/2014, 33/2015, 145/2015) и Правилникот за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор на просветната инспекција („Сл. весник на РМ“ број 86/2006)

**Резиме**

Согласно Годишната програма за работа на Државниот просветен инспекторат и Законот за просветна инспекција, во периодот од 27-29.11.2023 година, тим од тројца државни просветни инспектори спроведе интегрална евалуација во ООУ„Браќа Миладиновци“ – Пробиштип.

За време на престојот во учлилиштето, остварени се средби со директорот, наставници и стручни соработници, посетени се наставни часови и одржани се состаноци со училишниот одбор, совет на родители и членови на ученичкиот парламент.

Од целокупната евиденција и документација која беше приложена и разгледана за време на надзорот, разговорите водени со различни фокус групи, анализата на претходно доставените прашалници и коментари, како и од посетените наставните часови, тимот од

државни просветни инспектори констатира дека работата во ООУ„Браќа Миладиновци“ – Пробиштип е **добра**[1] **(2.93).**

Воспитно - образовната работа во училиштето се остварува врз основа на наставните планови и програми за деветгодишно основно образование, како и врз основа на Насоките и Концепцијата за основно образование од прво до шесто одделение. По наставните предмети: биологија, хемија, природни науки, математика и физика (во седмо, осмо и деветто одделение), наставата се реализира според програми од Меѓународниот центар за наставни програми (CambridgeInternationalExaminationCentre), адаптирани од БРО и одобрени од МОН.

Во училиштето се реализираат и програмите: Образование за животни вештини (на одделенските часови), Меѓуетничка интеграција на младите во образованието (формиран е училишен тим кој ги планира, организира и реализира предвидените активности), Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем, Антикорупциска едукација за учениците.

Наставните планови и програми се реализираат во пропишаниот обем.

На почетокот на учебната година, на родителска средба, родителите се запознаваат со наставниот план и наставните програми според кои се изведува наставата и со Годишната програма за работа на училиштето.

Во училиштето се реализира проширена програма, со која организирано се прифаќаат учениците еден час пред и еден час по завршување на наставата. Во централното и во подрачните училишта во Злетово и населба Пробиштип се организира продолжен престој во комбинирани паралелки за ученици од I до V одделение, по претходна добиена согласност од страна на родителите.

Во рамките на училиштето работат и паралелки за основно музичко образование каде се ангажирани двајца наставници. Учениците освен теоретската настава и наставата по солфеж можат да изберат да изучуваат еден од двата инструмента – пијано и виолина.

Училиштето има формирано Училишен инклузивен тим (Одлука бр.01-326/2 од 17.08.2022 година), кој има изготвено програма за работа. Инклузивниот тим обезбедува поддршка за изработка на ИОП и модифицирана програма за 7 ученици со пречки во развојот. Со процесот на инклузија во редовната настава се вклучени 6 ученици со пречки во развојот (3 во централното училиште, 2 во ПУ во Злетово и 1 во ПУ во Населба Пробиштип) и 1 ученик во посебна паралелка. По препорака на Комисијата за функционална проценка на попреченоста, за 2 ученици се изготвени и се работи по индивидуални образовни планови, со 2 се работи по модифицирана програма и 2 ученика се со општа поддршка (диференцирани цели). Со 1 ученик во посебната паралелка работи дефектолог согласно програмата за работа во посебни паралелки и адаптирани програми. Остварена е соработка со ресурсниот центар „Маца Овчарова“ од Велес, преку кој за помош и поддршка во работата се ангажирани 5 образовни асистенти. Идентификувани се 11 ученици со потешкотии во учењето.

Изборните предмети се изучуваат врз основа на наставен план и програмите дадени од БРО, можностите на училиштето со наставен кадар и изборот на родителите и учениците. Со новата концепција за основно образование, во првиот образовен период, слободните изорни предмети се реализираат во форма на слободни активности, а во вториот образовен период, на учениците им се нуди да избираат два предмети (еден за првото и еден за второто полугодие) од четири категории слободни изборни предмети.

[1] Според класификацијата од Индикаторите за квалитет на основните и средните училишта, постојат четири квалитативни нивоа:

1. Не задоволува,
2. Делумно задоволува,
3. Добро и
4. Многу добро

Изборот на предмети се врши по спроведени анкети. Програмата за работа со надарени и талентирани ученици е опфатена во Годишната програма за работа на училиштето, но работата со истите се сведува само на подготовка на учениците за учество на натпревари преку додатната настава.

Училиштето ги ангажира учениците во вonнаставни активности, општествено корисна работа, учество на општински, регионални и државни натпревари, учества на интерни конкурси, како и конкурси организирани од општината, со што се поттикнува и мотивира нивниот личен напредок. За афирмирање на воннаставните активности во училиштето се користи Facebook страната на училиштето, локални медиуми (ТВ и локален портал). На Денот на градот, од страна на општината, за учениците кои освоиле државни награди, се обезбедуваат ваучери со пофалници, кои се доделуваат на свечена седница, а училиштето на крајот на учебната година обезбедува дипломи и книги. Вработените во училиштето, родителите и учениците се запознаени со Правилникот за начинот на организација и спроведување на екскурзии во основното образование. Во последните две учебни години, поради пандемијата со Ковид 19, не се организирани ученички екскурзии.

Училиштето има регистрирано училишен спортски клуб „Браќа М“- Пробиштип од 09.05.2014 год. за кошарка, одбојка, голем фудбал, футсал, ракомет, пливање, стрелаштво, планинарење, тенис, пинг-понг, велосипедизам, скијање и други спортови. Во рамките на спортскиот клуб се формирани следниве секции: кошарка, фудбал, одбојка и футсал. Вклучен е во системот на натпревари кои се организираат од страна на Федерација на училишен спорт на Македонија. Во периодот на пандемијата со Ковид 19 не се организирани натпревари. Стручните соработници изготвуваат извештаи за сите квалификациони периоди, кои содржат предлог мерки за подобрување на постигањата на учениците. Во извештаите се дадени податоци за постигањата на учениците според пол, по наставни предмети и одделенија, но не и по етничка припадност. Соработката на училиштето со родителите – роми, во однос на напредокот и постигањата на учениците е мал.

Дополнителна и додатна настава се реализаира од најголем број на наставници во одделенска настава. Реализацијата на дополнителна настава во предметна настава делумно задоволува, а додатна настава се реализира за подготовка за учество на натпревари. Во училиштето има пропишани приоди за планирање и утврдени процедури за поддршка и следење на планирањето на наставата од страна на стручните соработници и директорот во годишните програми за работа.

Распоредот на часови е изработен во согласност со наставниот план. Училиштето навремено изработува распоред за додатна и дополнителна настава.

Најголем број од наставниците во одделенска настава и поголем број од наставниците во предметна настава користат разновидни наставни форми, методи и техники во наставата. Наставниците работат со учениците индивидуално, во група, во парови или со целата паралелка, но методите што ги користат не се секогаш соодветно избрани, односно се користат исти приоди за сите ученици независно од индивидуалните способности за учење на учениците.

Опременоста на училиштето со наставни нагледни средства и други технички помагала делумно здаволува. За реализација на наставата се користат расположливите наставни средства и 1 интерактивна табла. Потребно е набавката на наставни и нагледни средства и интерактивни табли, во централното, а посебно во подрачните училишта, да биде од приоритетно значење, со цел реализација на наставните програми и унапредување на наставниот процес.

Изборот на задачи и активности (со различно ниво на сложеност) за време на часот, не секогаш е приспособен на индивидуалните образовни потреби на учениците. При задавање на домашната задача, поголем број од наставниците не се придржуваат до

дидактичките насоки согласно Упатството за начинот и формата на подготвување, планирање, задавање, реализирање и следење на домашните задачи на учениците од основното образование. Поголем број од наставниците се однесуваат со учениците на начин кој промовира заемно почитување, помош и соработка, без да прават разлика меѓу учениците според пол и социјално потекло. Училиштето има пропишана процедура за следење на наставниот процес, согласно програмите за работа на стручните соработници и директорот. Најмногу еднаш во полугодие се врши посета на часови кај наставниците. После посетата на час се разговара и забелешките се користат за подобрување на наставниот процес. Стручните соработници не ја следат реализацијата на часовите за додатната и дополнителната настава, како и Програмата „Образование за животни вештини“ на одделенските часови. Учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна средина за учење. Заедничкиот училиштен простор е естетски уреден, а визуелниот материјал и пишаните содржини во него го отсликуваат мултикултурниот/мултиетничкиот карактер на Република Македонија. Трудовите на учениците се изложуваат на видни и соодветни места во училницата и училиштето, и истите редовно се менуваат.

Формиран е Ученичкиот парламент, кој има изберено раководство, и има изготвено програма за работа. Избрени се двајца претставници за учество во работата на училишен одбор, кои се покануваат на состаноци. Од одржаните состаноци се водат записници. Сепак, од разговорот со членовите е констатирано дека тие се запознаваат со кварталните, полугодишниот и годишниот извештај за работата на училиштето, но сами не иницираат состаноци и активности, не работат на самостојно иницирани проекти, не се вклучени во подготовката на годишната програма, не дале предлози за воннаставни активности. Потребно е зајакнување на улогата на ученичкиот парламент.

Училиштето ги применува позитивните законски и подзаконски прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Мал број од наставниците користат разновидни инструменти и методи за оценување. Постигнувањата на учениците со пречки во развојот е во согласност со целите во ИОП и модифицирани програми за работа. Поголем број од наставниците редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа и насоки за подобрување на постигањата.

Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува. Најголем број од наставниците редовно ги ажурираат податоците во Е – Дневникот. Училишниот простор е безбеден за изведување настава. Инфраструктурата во училиштето (мебелот, скалите, подовите, покривот, прозорците, струјните места, дворот) се безбедни и не претставуваат потенцијална опасност за повреди на учениците. Склучени се полиси за осигурување на доброволна основа за вработени и ученици, на училишните објекти и ИКТ опремата. Пристапот во училиштето е прилагоден за влез на лица со физичка попреченост. Училиштето има пишани документи во кои се дефинирани облици на однесување на децата и возрасните, што се сметаат за психичко и физичко насилство. Вработените ја знаат својата улога и одговорност во процесот на заштита на детето. Училиштето води евиденција за појавните форми на насилство. Во централното училиштето нема организирана исхрана за учениците, но има во ПУ во Злетово и во Населба Пробиштип. Училиштето има увид за квалитетот на храната што им се нуди на учениците. Се врши редовна контрола на здравствена безбедност на храната и водата од страна на Центар за јавно здравје - Пробиштип, за што до училиштето се доставуваат извештаи од тестирањето. Училиштето има политика за забрана на пушење, консумирање алкохол и дистрибуција и консумирање на наркотични средства. Училиштето нема пишана процедура за обезбедување на материјални средства за учениците, кои заради социјалната загрозеност на нивните семејства не се во состојба да ја следат наставата под исти услови како и другите ученици, но во училиштето се организираат хуманитарни акции од

страна на вработените и во соработка со Црвен крст – Пробиштип и Локалната самоуправа.

Сите вработени и ученици вршат систематски прегледи.

Хигиената во училишните простории, ходниците и тоалетите е добра.

Училиштето организира активности за професионална ориентација на учениците согласно Програмата за професионална ориентација која е составен дел на Годишната програма за работа. Наставниците изготвуваат извештаи по квартали за својата паралелка на врз основа на индивидуалните евиденции за учениците. Подготвените извештаи се доставуваат до стручните соработници за понатамошна обработка и се достапни за сите други наставници, родители и ученици. Резултатите од анализите не се користат доволно за подобрување на воспитно-образовниот процес. Училишната клима и односите помеѓу учесниците во воспитно-образовниот процес во училиштето се добри, со исклучок на изолирани случаи кои не влијаат на општиот впечаток за училиштето. Училиштето има Кодекси на однесување на учениците и наставниците, во кој се регулирани правилата на однесување. Донесен е Куќен ред, кој е поставен на видно место во училиштето.

Дисциплината во училиштето е добра, со исклучок на изолирани случаи на однесување на ученици. Проблемите со дисциплината резултираат со изрекување на педагошки мерки, согласно Правилникот за изрекување на педагошки мерки.

Најголем број од вработените во училиштето подеднакво се однесуваат кон сите ученици без разлика на полот, социјалното потекло и способностите и кога се работи за активности на часот и за активности надвор од часовите.

Училиштето користи ефективни методи за комуникација со родителите преку организирање индивидуални родителски средби, почитувајќи го времето што родителот го има на располагање. Се одржуваат најмалку по две родителски средби во прво полугодие и три во второ полугодије.

Училиштето е вклучено во животот на локалната заедница преку спроведување на заеднички проекти и организирање и учество на настани од интерес на заедницата. Училиштето соработува со институциите на локалната заедница.

Училиштето има обезбедено соодветен наставен кадар за реализирање на воспитно-образовниот процес. Предметот етика во религиите и пијано во паралелката во основното музичко образование се реализираат од несоодветен наставен кадар. Училиштето редовно распишува огласи, но не се пријавуваат соодветени наставни кадри.

Училиштето ја почитува законската регулатива за професионален развој на кадарот. Ги идентификува потребите на наставниците за професионален развој. Од разговорите со наставниците, евидентна е потребата од континуирано стручно усовршување на наставниците за подобрување на стручните способности, особено за работа со надарени ученици и ученици со пречки во развојот.

Управувањето, раководењето и финансиското работење во училиштето е во рамките на надлежностите кои ги имаат директорот и Училишниот одбор.

Училишниот одбор, како орган на управување, е конституиран согласно законската регулатива, ги извршува своите законски обврски, презема конкретни чекори за идентификување на состојбите, поставување на приоритети и предлагање иницијативи и активности за подобрување на постигањата на учениците, како и на целокупниот воспитно-образовен процес. Сите членови се со легитимен мандат, а претседателот е од редот на Советот на родители.

Директорот на училиштето, како раководен орган, има професионален однос кон работата и како приоритет на своето работење го става подобрувањето на условите за

работа на училиштето, дисциплината и постигањата на учениците. Работењето на раководниот орган е засновано на тимска работа.

Статутот на училиштето е донесен на седница на Училишен одбор со архивски број 01-596/1 од 16.12.2019 година.

Годишната програма за работа на училиштето е донесена и заведена со дел.бр.01-472/1 од 14.08.2023 година, и истата е усвоена со одлука на Советот на општината со одлука бр.26-828/4 од 23.08.2023 година.

Училиштето има изработено самоевалуација (дел.бр.01-411/1 од 29.06.2023) и Програма за развој на училиштето од 14.09.2023 година ( дел.бр.01-632/1).

## КАРАКТЕРИСТИКИ НА УЧИЛИШТЕТО

ООУ „Браќа Миладиновци“ е изградено во 1961 година, лоцирано е во централното градско подрачје, а функционира како централно основно училиште до 1984 година. Училиштето располага со простран, делумно ограден училишен двор, со површина од 19100 $м^2$, во кој се сместени реновиран спортски терен со трибина, спортска сала, тревен дел и патеки. Училиштето располага со вкупна корисна површина од 3 165 м² што се затоплува со воден систем загреван со ЕЛ – нафта.

Дејноста на училиштето е верифицирана од страна на Министерството за образование и наука, со Решение за верификација на воспитно-образовната дејност, бр.15-36 од 09.01.1985 и бр.10-3077/1 од 17.06.1992 година. Со Решение бр. 10 – 1420/3 од 25.09.1998 година на Министерството за образование и физичка култура е верифицирано и основно музичко образование, како проширена дејност во ова училиште. Во состав на училиштето се и деветгодишното подрачно училиште во Злетово и петгодишните подрачни училишта во Населба Пробиштип и с. Ратавица. Подрачното училиште во с. Добрево не е во функција поради немање на ученици. Во состав на училиштето има една паралелка за ученици со пречки во развојот и нижо музичко училиште. Наставата ја реализираат вкупно 67 наставници. Запишани се вкупно 614 ученици (597 македонци; 14 роми; 2 срби и 1 црногорец), распоредени во 40 паралелки, од кои 2 комбинирани паралелки. Во училиштето, како ненаставен кадар се вработени: 5 стручни соработници, 4 административни работници, 21 лице како помошно – технички кадар и 1 директор. Подрачното училиште во Злетово е изградено во 1966 година и е со вкупна површина од 1 481м². Во училиштето се организира и реализира воспитно-образовна работа со ученици од прво до деветто одделение. Располага со вкупна дворна површина 13 814 м ², од кои на спортски терени отпаѓаат 1800 м², на уреден училишен двор 4 100 м² и на друга дворна површина 7 914м². Во состав на училиштето во Злетово има ученичка кујна со трпезарија која не работи и е лоцирана во посебна зграда, изградена во 1950 година со површина од 208 м². Затоплувањето се врши со топловоден систем загреван со ЕЛ-нафта. Во состав на училиштето има спортска сала и реконструирано отворено повеќенаменско спортско игралиште. Подрачното училиштето во Населба Пробиштип е изградено во 1986 год. со површина 850 м², а во просторот има кујна со трапезарија. Во грејниот период затоплувањето се изведува со топловоден систем загреван со течно гориво-нафта. Училиштето располага со вкупна дворна површина од 4920м², од кои 820 м² отпаѓаат на спортски терен, 3300 м² на училишен двор и 800 м² на друга дворна површина. Училиштето располага со отворено фудбалско и кошаркарско игралиште. Во училиштето се организира и реализира воспитно образовна работа со ученици од прво до петто одделение.

Подрачното училиште во с. Добрево е изградено во 1957 год. и има вкупна површина од 90 м². Располага со 25 м² друга површина и нема спорски терени. Во

училиштето од минатата учебна година не се реализира настава.

Подрачното училиште во с. Ратавица е изградено во 1950 година. Располага со површина од 115 м² каде што се организира и релизира воспитно - образовна работа со учениците од прво до петто одделение во две комбинирани паралелки (една со ученици од прво до трето одделение и една со ученици од четврто и петто одделение). Училиштето има дворна површина од 4700 м². Затоплувањето се изведува со топловоден систем загреван со цврсто гориво дрва. Дејноста на училиштето е верифицирана од страна на Министерството за образование и наука, со Решение за верификација на воспитно-образовната дејност, бр.15-36 од 09.01.1985 и бр.10-3077/1 од 17.06.1992 година. Со Решение бр. 10 – 1420/3 од 25.09.1998 година на Министерството за образование и физичка култура е верифицирано и основно музичко образование, како проширена дејност во ова училиште. Од тековната состојба на правното лице, издадена од Централен регистар, субјектот е заведен како општинско основно училиште „Браќа Миладиновци“ Пробиштип, со даночен број 4022984101706 и ЕМБС 4102819.

## 1. НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ

### 1.1. Реализација на наставните планови и програми

Воспитно - образовната работа во ООУ„Браќа Миладиновци“- Пробиштип, се остварува врз основа на наставните планови и програми за основно образование, како и врз основа на Концепцијата за основно образование од прво до шесто одделение. Наставниците имаат посетено обука за реализација на наставата по новата Концепција за основно образование (освен наставниците по англиски јазик), организирана од страна на Бирото за развој на образованието. По наставните предмети: биологија, хемија, природни науки, математика и физика, во седмо, осмо и деветто одделение, наставата се реализира според програми од Меѓународниот центар за наставни програми (CambridgeInternationalExaminationCentre), адаптирани од БРО и одобрени од МОН.

Наставните планови и програми се реализираат во пропишаниот обем.

За реализација на наставната програма по физичко и здравствено образование од прво до петто одделение, покрај наставникот по одделенска настава, се вклучува и наставник по физичко и здравствено образование.

Раководителите на одделенијата на почетокот на учебната година ги запознаваат родителите со наставниот план и наставните програми според кои се изведува наставата.

Во училиштето се реализираат и програмите: Образование за животни вештини (на одделенските часови), Меѓуетничка интеграција на младите во образованието (формиран е училишен тим кој ги планира, организира и реализира предвидените активности), Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем, Антикорупциска едукација за учениците.

Со процесот на инклузија во редовната настава се вклучени 6 ученици со пречки во развојот (3 во централното училиште, 2 во ПУ во Злетово и 1 во ПУ во Населба Пробиштип) и 1 ученик во посебна паралелка. По препорака на Комисијата за функционална проценка на попреченоста, за 2 ученици се изготвени и се работи по индивидуални образовни планови, со 2 се работи по модифицирана програма и 2 ученика се со општа поддршка (диференцирани цели). Со 1 ученик во посебната паралелка работи дефектолог согласно програмата за работа во посебни паралелки и адаптирани програми. Остварена е соработка со ресурсниот центар „Маца Овчарова“ од Велес, преку кој за помош и поддршка во работата се ангажирани 5 образовни асистенти. Идентификувани се 11 ученици со потешкотии во учењето.

Изборните предмети се изучуваат врз основа на наставен план и програмите дадени од БРО, можностите на училиштето со наставен кадар и изборот на родителите и учениците. Со новата концепција за основно образование, во првиот образовен период, слободните изорни предмети се реализираат во форма на слободни активности, а во вториот образовен период, на учениците им се нуди да избираат два предмети (еден за првото и еден за второто полугодие) од четири категории слободни изборни предмети. Изборот на предмети се врши по спроведени анкети.

Во состав на училиштето работи и нижо музичко училиште за инструментите виолина и пијано, како и теоретска настава по предметите основна теорија на музика и солфеж. Нижото музичко училиште го посетуваат ученици од прво до деветто одделение, поделени во групи врз основа на Наставниот план за деветгодишно музичко училиште.

Во рамките на Годишната програма за работа на училиштето е и Програмата за Антикорупциска едукација за учениците. Преку предметот Граѓанско образование учениците се запознаат со степенот на корупција во општеството и неговите последици, со законските механизми за борба против корупцијата и се здобиваат со вештини за борба против коруптивното однесување и зајакнување на активната антикорупција. Во состав на Годишната програма за работа на училиштето е Програма за мултикултурализам/интеркултурализам и меѓуетничка интеграција во рамките на проектот „Меѓуетничка интеграција на младите во образованието“. Формиран е училишен тим кој ги планира, организира и реализира предвидените активности од програмата во рамките на училиштето, општината и со партнер училиштето ООУ„Мустафа Кемал Ататурк“ – Центар

Жупа. Со почетокот на пандемијата со Ковид 19, реализацијата на заеднички активности била прекината. Од учебната 2020/21 училиштето започнало со реализирање на проект на УСАИД за меѓуетничка интеграција на младите во образованието, спроведуван од Македонскиот центар за граѓанско образование (МЦГО) и Младински образовен форум (МОФ) кои како граѓански организации активно работат на подобрување на меѓуетничката интеграција во формалното образование. Од минатата учебна година по одржаните онлајн работилници (zoom) со претставници од учениците и педагогот, како и добиените податоци од прашалникот кој го пополнувале учениците, произлегла младинска акција да биде променета урбаната опрема градскиот парк и да бидат поставени информативни табли за подигнување на свеста на граѓаните во однос несовесно фрлање отпад, зголемување на бројот на корпи за отпадоци и секако еко-акција за чистење на јавната површина во паркот.

Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем е составен дел на Годишната програма за работа на училиштето. Училиштето има изготвено План на активности, врз основа на кој во училиштето се реализирани активности за одбележување на значајни датуми, а со цел за заштита на животната средина, како и кампањи за собирање на стара хартија, пластичен отпад и еко работилници при одбележување на 21 март Денот на – Екологијата и 22 април Денот на планетата Земја. Училиштето е дел од велосипедското дефиле кое се одржува низ улиците на градското подрачје за одбележување на Денот на планетата земја, кое традиционално, општина Пробиштип го организира во соработка со невладината организација „Зелени патеки". Во учебната 2022/23 год. повеќе одделенија учествувале на натпреварот за рециклирање пластични шишиња, организиран од страна на Црвен Крст (ЦКА ПХВ). Со најголем број на собрани пластични шишиња за рециклирање биле учениците од IVа одд., и како награда добиле благодарници од Црвен крст и спортски топки со дизајн на планетата Земја. Од откупот на рециклираната пластика, Црвен Крст обезбедил 15 садници дрво кои беа посадени во паркот, со учество на ученици од IVа одд. Учениците од VI1, VII1 и VIII1 од 18-28.04. 2023 год. биле дел од акцијата Глобална училишна акција, како дел од програмата Еколошката едукација во воспитно-образовниот систем, во организација на Фондација за еколошка едукација – Данска, која се реализирала во 121 земја. Во овие денови учениците изработувале презентации за заштита на околината кои биле претставени на нивната страна, а за учениците биле доделени сертификати.

Програмата за работа со надарени и талентирани ученици е опфатена во Годишната програма за работа на училиштето, но работата со истите се сведува само на подготовка на учениците за учество на натпревари преку додатната настава.

Врз основа на Законот за основно образование, а според Концепцијата за основно воспитание и образование во училиштето се реализира проширена програма со која организирано се прифаќаат учениците еден час пред почетокот на часовите и еден час по завршување на наставата. Во централното училиште и во подрачните училишта во Злетово и Населба Пробиштип се организира продолжен престој, со учениците од прво до петто одделение, по претходна добиена согласност од страна на родителите.

### 1.2. Квалитет на наставните планови и програми

Наставниците ги изработуваат планирањата во согласност со наставните програми, насоките за планирање и организација на наставата и годишната програма за работа на училиштето.

Постојат примери на интегрирање на особеностите на локалната средина во планирањата кај одреден број од наставниците. Имплементирањето на вака планираните содржини најчесто е преку посета на објекти и институции кои се карактеристични за средината.

Училиштето има разработено насоки за вградување на меѓупредметните цели во сите наставни програми што се реализираат.

Потребите на наставниците за нивно стручно оспособување и обука се следат од страна на стручната служба на училиштето. Врз основа на изразените потреби училиштето ги одредува приоритетите и ги планира обуките.

### 1.3. Воннаставни активности

Со Годишната програма за работа на училиштето, се планираат и реализираат воннаставните активности, во согласност со потребите и интересите на учениците. Дадена е можност за вклучување на сите ученици, без разлика на пол, етничка припадност и социјален статус. Во најголем број, препораките на наставниците се одлучувачки во изборот на воннаставните активности, како и во планирањето на содржините на активностите.

Во второто полугодие на учебната 2019/20 година и во учебна 2020/21 година, кога наставата се изведувала он-лајн, воннаставните активности делумно се реализирани.

Училиштето учествува на ученички натпревари на општинско, регионално, и државно ниво, како една од формите на воннаставни активности. Поради Ковид – пандемијата, во учебните 2019/20 година и 2020/21 година, натпреварите се одржани он-лајн. Се земало учество на општински и регионални натпревари по физика, математика, информатика, природни науки, англиски јазик, хемија, биологија, географија, на кои се освојувани една од првите три награди. Во последните три учебни години освоени се следниве награди на државни натпревари: математика прво и второ место), информатика (трето место), биологија (прво второ и трето место), хемија (две втори и трето место), физика (второ место), природни науки (прва и трета награда), меѓународен натпревар пијано (трета награда за пет ученици), народна техника (прво место), географија (втора награда)

Вработените во училиштето, родителите и учениците се запознаени со Правилникот за начинот на организација и спроведување на екскурзии во основното образование. Во последните две учебни години, поради пандемијата, не се реализирани екскурзии.

Училиштето има регистрирано училишен спортски клуб „Браќа М“- Пробиштип од 09.05.2014 год. (ЕМБС 6952747, и со деловоден бр.30720140002057) за: кошарка, одбојка, голем фудбал, футсал, ракомет, пливање, стрелаштво, планинарење, тенис, пинг-понг, велосипедизам, скијање и други спортови. Во рамките на спортскиот клуб се формирани следниве секции: кошарка, фудбал, одбојка и футсал. Вклучен е во системот на натпревари кои се организираат од страна на Федерација на училишен спорт на Македонија. Во периодот на пандемијата со Ковид 19 не се организирани натпревари. По завршување на пандемијата, се учествувало на натпревари во кошарка (машки и женски), одбојка (машки и женски), футсал (машки). Екипата одбојка – машки, по освоеното прво место на општинско, меѓуопштинско, зонско и регионално натпреварување, учествувале на државен натпревар и освоиле прво место. Екипата одбојка – женски освоиле прво место на општинско, меѓуопштинско и зонско натпреварување, а на регионалниот натпревар освоиле второ место. Училишниот спортски клуб бил иницијатор и реализатор на повеќе активности: со возење велосипеди го одбележале 22 септември - Ден без автомобили и Европската недела на мобилност; со спортски активности била одбележана Европската недела на спортот; одбележување на European School Sport Day со промоција на активност: „Игри за развој на свест на здрава животна средина - рециклирање" која била ораганизирана од Федерација на спортски педагози на РМ и ESSD; со учениците од трето и четврто одделение била реализирана активност на тема „Заедно сме посилни“ во рамки проектот „Забавен училишен спорт“.

За афирмирање на воннаставните активности во училиштето се користи Facebook страната на училиштето, локални медиуми (ТВ и локален портал), на Денот на градот од страна на општината за учениците кои освоиле државни награди, се обезбедуваат ваучери со пофалници, кои се доделуваат на свечена седница, а училиштето на крајот на учебната година обезбедува дипломи и книги.

## 2. ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ

### 2.1.Постигања на учениците

Стручните соработници изготвуваат извештаи за сите квалификациони периоди, кои содржат предлог мерки за подобрување на постигањата на учениците. Во извештаите се дадени податоци за постигањата на учениците според пол, по наставни предмети и одделенија, но не и по етничка припадност.

Средниот успех на учениците, согласно изготвените изештаи, на крајот од првото полугодие од учебната 2020/2021 година изнесува 3,99, во учебната 2021/2022 година изнесува 3.96 и 3.92 на крајот од првото полугодие од учебната 2022/2023 година.

Средниот успех на учениците, на крајот на учебната година, изнесува 4,34 во 2020/2021 година, 4,33 во учебната 2021/2022 година и на крајот од учебната 2022/2023 година, средниот успех изнесува 4,26. Евидентно е дека на крајот на учебната година се утврдуваат повисоки оценки за разлика од оние на полугодие.

Постигањата на учениците при премин од одделенска во предметна настава се следат од страна на училишниот педагог. Не се следат постигањата на учениците при премин во средно образование.

Соработката на училиштето со родителите – роми, во однос на напредокот и постигањата на учениците е мал.

Дополнителна и додатна настава се реализаира од најголем број на наставници во одделенска настава. Поголем број наставници во предметна настава евидентираат реализација на дополнителна и додатна настава.

Советувањето на родителите и учениците го врши психологот. Согласно податоците во формуларите за извршени советувања, во учебната 2020/2021 година немало советувања; во учебната 2021/2022 година по основ намален успех кај учениците на советување биле поканети 5 родители; во учебната 2022/2023 година, по основ намален успех биле поканети 13 родители, по основ нередовно посетување настава – 5 родители и по основ несоодветно однесување – 2 родители. Во првото полугодие од оваа учебна година по основ намален успех биле поканети 7 родители и 3 родители по основ нередовно посетување настава. По извршените советувања е забележано дека кај најголем дел од учениците има подобрување на успехот и коригирање на одредени облици на несоодветно однесување, како и зголемена редовност кај дел од учениците.

### 2.2. Задржување/осипување на учениците

Училиштето обезбедува услови за запишување на сите деца од реонот, вклучувајќи и услови за запишување на деца со пречки во развојот. Има изградено политика за запишување и презема различни активности да ги опфати сите деца од својот реон.

Податоци за училишните обврзници се обезбедуваат од Министерството за внатрешни работи преку општината. Уписот на децата го врши комисија формирана од директорот.

Училиштето ја следи редовноста на учениците. Просечниот број на изостаноци (оправдани и неоправдани) во учебната 2020/2021 година изнесува 10,19 по ученик; во учебната 2021/2022 година – 25,8 изостаноци; и во учебната 2022/23 година, бројот на изостаноци по ученик изнесува 27,8. Просечниот број на неоправдани изостаноци во учебната 2020/2021 година изнесува 2,3 по ученик; во учебната 2021/2022 година изнесува 3 по ученик; и во учебната 2022/23 година изнесува 2,1 по ученик.

Училиштето го следи осипувањето на учениците. Евидентирана е појава на напуштање на училиштето во текот на учебната година. Во учебната 2020/2021 година - испишани се вкупно 5 ученици, во учебната 2021/2022 година - испишани се 13 ученици, во учебната 2021/2022 година, 6 ученици го напуштиле училиштето. Како причина за напуштање на училиштето се наведува иселувањето и заминување на семејствата во странство или запишување на учениците во друго училиште во општината или во училиште од друг град. Училиштето за учениците кои заминуваат во странство, нема податоци дали истите го продолжуваат своето образование.

Постапката за премин на ученици од едно во друго училиште се спроведува согласно закон, и на учениците им се издава преведница за запишување во друго училиште.

### 2.3. Повторување на учениците

Во последните три учебни години, вкупно 21 ученик го повторувале одделението (2 ученици во 2020/2021; 6 ученици во 2021/2022 година и 13 ученици во 2022/2023 година).

Учениците и родителите се запознаени со правото да поднесат жалба и приговор до Наставнички совет, доколку се незадоволни од оценките по одредени предмети, согласно Законот за основно образование.

## 3. УЧЕЊЕ И НАСТАВА

### 3.1. Планирања на наставниците

Во училиштето има пропишани приоди за планирање и утврдени процедури за поддршка и следење на планирањето на наставата од страна на стручните соработници и директорот во годишните програми за работа. Наставниците во предметна настава изготвуваат годишни, тематски планирања и оперативни планови за час (дневни подготовки). За наставните предмети: математика, природни науки, биологија, хемија и физика се користат адаптираните наставни програми од Меѓународниот центар за наставни програми на Кембриџ. Согласно Концепцијата за основно образование, наставниците во одделенска настава реализираат нови наставни програми врз основа на изготвените планови за реализација на наставните програми за секоја тема и сценарија за час од страна на стручните активи, како и неделни планирања изготвени од наставниците индивидуално, кои се основа за водењето на електронскиот дневник.

На почетокот од учебната година наставниците ги доставуваат годишните и тематските планирања кај педагогот, кој врз основа на образец со јасни критериуми, врши следење на квалитетот на планирањата и дава повратна информација. Кај поголемиот дел наставници, доставените планирања ги содржат неопходните елементи за организација и реализација на наставата. Целите на наставата, очекуваните исходи и начинот на оценување се утврдени во планирањата, но не сите наставници ги користат информациите од оценувањето за да ги идентификуваат потребите на учениците и да ги планираат следните чекори во учењето.

Поголем број од наставниците ги планираат: редовната, додатната, дополнителната настава и вонnаставните активности. Се изготвуваат и планови за реализација на „Програмата образование за животни вештини“ на одделенските часови, за користење на ИКТ во наставата со потенцирани Е-содржини, интегрирани еко содржини и содржини од проектот за меѓуетничка интеграција на младите во образованието. Наставниците во своите наставнички потрфолија немаат материјали од реализација на содржини и работилници од програмата „Образование за животни вештини“ на одделенските часови. Тимот за меѓуетничка интеграција обезбедува поддршка на наставниците за вградување на целите од образованието за меѓуетничка интеграција и граѓанска вклученост.

Училиштето им овозможува на наставниците користење на стручна литература и материјали за планирањето на наставните часови, советодавно-консултативна работа на стручната служба, семинари организирани од страна на БРО, стручни совети како резултат на следење и анализа на дневните подготовки. Најголем дел од наставниците разменуваат искуства и идеи на ниво на стручни активи, и соработуваат со колеги од

други училишта од општината. Изготвуваат програми и извештаи за работата на стручните активи во училиштето, а за состаноците се водат записници.

Училиштето има формирано Училишен инклузивен тим (Одлука бр.01-326/2 од 17.08.2022 година), кој има изготвено програма за работа. Инклузивниот тим обезбедува поддршка за изработка на ИОП и модифицирана програма за 7 ученици со пречки во развојот.

Во училиштето има посебна паралелка за ученици со посебни образовни потреби. Со еден ученик во осмо одд. работи дефектолог, кој врз основа на наставните програми од Министерството за образование и наука за ученици со пречки во психичкиот развој, изготвува прилагодени програми за секој наставен предмет според потребите и можностите на ученикот. Од учебната 2021/2022 година функционира како Центар за поддршка на ниво на општина Пробиштип. Паралелката за деца со посебни образовни потреби ќе работи до завршување на образованието на ученикот.

Во рамките на училиштето работат и паралелки за основно музичко образование каде се ангажирани двајца наставници. Учениците освен теоретската настава и наставата по солфеж можат да изберат да изучуваат еден од двата инструмента – пијано и виолина.

Распоредот на часови е изработен во согласност со наставниот план. Училиштето навремено изработува распоред за додатна и дополнителна настава.

### 3.2. Наставен процес

Најголем број од наставниците во одделенска настава и поголем број од наставниците во предметна настава користат разновидни наставни форми, методи и техники во наставата. Наставниците работат со учениците индивидуално, во група, во парови или со целата паралелка, но методите што ги користат не се секогаш соодветно избрани, односно се користат исти приоди за сите ученици независно од индивидуалните способности за учење на учениците.

Најголем број од наставниците се обучени за употреба на ИКТ и нови образовни технологии во наставата. За реализација на наставата се користат расположливите наставни средства и 1 интерактивна табла. Потребно е набавката на наставни и нагледни средства и интерактивни табли, во централното, а посебно во подрачните училишта, да биде од приоритетно значење, со цел реализација на наставните програми и унапредување на наставниот процес.

Изборот на задачи и активности (со различно ниво на сложеност) за време на часот, не секогаш е приспособен на индивидуалните образовни потреби на учениците. Наставниците користат учебници, материјали за учење, прирачен материјал и расположливи ресурси.

Од второто полугодие на учебната 2021/22 година училиштето со посебни паралелки преминува во Центар за поддршка за учениците со посебни образовни потреби под надлежност на Ресурсен центар „Маца Овчарова“ – Велес. Поради тоа учениците од посебната паралелка биле инклузирани во редовна настава, а посебната паралелка останала со две ученички.

Со процесот на инклузија во редовната настава се вклучени 6 ученици со пречки во развојот (3 во централното училиште, 2 во ПУ во Злетово и 1 во ПУ во Населба Пробиштип) и 1 ученик во посебна паралелка. По препорака на Комисијата за функционална проценка на попреченоста, за 2 ученици се изготвени и се работи по индивидуални образовни планови, со 2 се работи по модифицирана програма и 2 ученика се со општа поддршка (диференцирани цели). Со 1 ученик во посебната паралелка работи дефектолог согласно програмата за работа во посебни паралелки и адаптирани програми. Остварена е соработка со ресурсниот центар „Маца Овчарова“ од Велес, преку

кој за помош и поддршка во работата се ангажирани 5 образовни асистенти. Наставниците имаат потреба од дополнителни обуки за работа со овие ученици. Идентификувани се 11 ученици со потешкотии во учењето. Мал број од наставниците водат грижа за можностите на овие ученици во процесот на учење, и задаваат диференцирани задачи (по тежински нивоа) на часовите и за домашна работа. Се организира дополнителна настава која се реализира кај најголем број од наставниците во одделенска настава. Дополнителна настава во предметна настава не се реализира во целост. При задавање на домашната задача, поголем број од наставниците не се придржуваат до дидактичките насоки согласно Упатството за начинот и формата на подготвување, планирање, задавање, реализирање и следење на домашните задачи на учениците од основното образование.

За учениците кои покажуваат значителен интерес и резултати по поедини предмети се организира додатна настава. Додатната настава најчесто одржува за подготовка на учениците за учества на натпревари.

Наставниците не секогаш ги запознаваат учениците со целите на учењето и очекуваните исходи. Учениците се поттикнуваат активно да учествуваат во наставата, но мал број од учениците се активни во процесот на учење. Постои работна дисциплина и атмосфера на часовите. Поголем број од наставниците се однесуваат со учениците на начин кој промовира заемно почитување, помош и соработка, без да прават разлика меѓу учениците според пол и социјално потекло.

Училиштето има пропишана процедура за следење на наставниот процес, согласно програмите за работа на стручните соработници и директорот. Најмногу еднаш во полугодие се врши посета на часови кај наставниците. После посетата на час се разговара и забелешките се користат за подобрување на наставниот процес. Не се следи реализацијата на часовите за додатна и дополнителна настава, како и реализацијата на Програмата „Образование за животни вештини“ на одделенските часови.

### 3.3. Искуство на учениците од учењето

Учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна средина за учење. Заедничкиот училиштен простор е естетски уреден, а визуелниот материјал и пишаните содржини во него го отсликуваат мултикултурниот/мултиетничкиот карактер на Република Македонија. Трудовите на учениците се изложуваат на видни и соодветни места во училницата и училиштето, и истите редовно се менуваат.

Учениците сметаат дека начинот на кој се учи во училиштето е интересен по одделни предмети и сметаат дека не, се што се учи е поврзано со секојдневието, применливо и корисно во реалниот живот и ги оспособува за активно учество во демократско и мултикултурно општество.

За време на часот, поголем број наставници ги охрабруваат учениците самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат. Учениците сметаат дека не секогаш имаат можност да го кажат своето мислење и тоа да биде земено предвид. Формиран е Ученичкиот парламент, кој има изберено раководство, и има изготвено програма за работа. Изберени се двајца претставници за учество во работата на училишен одбор. Од одржаните состаноци се водат записници. Сепак, од разговорот со членовите е констатирано дека тие се запознаваат со кварталните, полугодишниот и годишниот извештај за работата на училиштето, но сами не иницираат состаноци и активности, не работат на самостојно иницирани проекти, не се вклучени во подготовката на годишната програма, не дале предлози за вонаставни активности. Потребно е зајакнување на улогата на ученичкиот парламент.

### 3.4. Задоволување на потребите на учениците

Наставниот кадар и стручните соработници ги препознаваат индивидуалните образовни потреби и пречки во процесот на учење на учениците, но не се преземаат доволно активности за исполнување на потребите и/или отстранување на пречките. Образовните потреби на учениците треба да се определуваат индивидуално (за секој ученик посебно) и со нивното задоволување да се обезбеди остварување на максималните потенцијали за постигнување на ученикот.

Со учениците кои имаат тешкотии во учењето, стручните соработници и наставниците водат индивидуални разговори, како и разговори со родителите, и се организира дополнителна настава. Поддршката на учениците со тешкотии во учењето во редовна настава, во смисла на задавање на диференцирани задачи за време на часовите како и за домашна работа се применува од мал број наставници. Додатна настава најчесто се реализира за подготовка на ученици за натпревари или како подготовка за тестирање. Учениците со потешкотии во развојот се препознаваат при уписот во прво одделение. Се остварува соработка со ресурсен центар „Маца Овчарова“ - Велес и Комисијата за проценка на деца и младинци за дополнителна образовна, социјална и здравствена поддршка според МФК. Врз основа на Законот за основно образование, а според Концепцијата за основно воспитание и образование во училиште се реализира проширена програма, со која организирано се прифаќаат учениците еден час пред почетокот на часовите и еден час по завршување на наставата. Во централното училиште и во подрачното училиште во Злетово и населба Пробиштип, се организира продолжен престој во комбинирани паралелки, во кој се опфатени ученици од I - V одделение по претходна добиена согласност од страна на родителите. Училиштето ги ангажира учениците во воннаставни активности, општествено корисна работа, учество на општински, регионални и државни натпревари, учества на интерни конкурси, како и конкурси организирани од општината, со што се поттикнува и мотивира нивниот личен напредок.

### 3.5. Оценувањето како дел од наставата

Училиштето ги применува позитивните законски и подзаконски прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Наставниците се обучени за примена на стандарди во оценувањето. Поголем број од наставниците изготвуваат сопствени критериуми за оценување врз основа на стандардите за оценување, за сите програми според кои реализираат настава. Годишните оценки се сумативни и произлегуваат од формативното оценување во текот на годината, но се препознатливи отстапувања во оценувањето, што е потврдено и од учениците и од родителите кои сметаат дека на крајот на учебната година се ставаат повисоки оценки од оние на полугодие.

Мал број од наставниците користат разновидни инструменти и методи за оценување. Поголем дел од наставниците во предметна настава го следат и го оценуваат напредокот на учениците во сопствени тетратки или на посебни евидентни листови. Натавниците во одделенска настава документираат докази за формативно оценување кои се составен дел од досието на секој ученик. Оценувањето е јавно, образложено и транспарентно. Постигнувањата на учениците со пречки во развојот е во согласност со целите во ИОП и модифицирани програми за работа.

Поголем број од наставниците редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа и насоки за подобрување на постигањата.

### 3.6. Известување за напредокот на учениците

Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува. Системот вклучува редовно прибирање

информации за постигањата на учениците и давање транспарентна и конкретна повратна информација на родителите и учениците за оценката.

За таа цел се користат организирани формални и неформални средби, групни средби (за пренесување на информациите за паралелката во целина), индивидуални средби (за пренесување информации за конкретен ученик) со родителите.

Родителите добиваат и пишани извештаи со информации за напредокот на нивното дете по секој наставен предмет (евидентни листови) на тромесечие, и свидетелства на крајот на учебната година. Најголем број од наставниците редовно ги ажурираат податоците во Е – Дневникот.

## 4. ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

### 4.1 Севкупната грижа за учениците

Училишниот простор е безбеден за изведување настава. Инфраструктурата во училиштето (мебелот, скалите, подовите, покривот, прозорците, струјните места, дворот) се безбедни и не претставуваат потенцијална опасност за повреди на учениците.

Во централното училиште и во спортската сала има поставено 7 противпожарни апарати и 4 хидранти, во ПУ во Злетово има поставено 5 противпожарни апарати и 3 хидранти, во ПУ во Населба Пробиштип поставени се 6 противпожарни апарати и 2 хидранти и поставен е 1 противпожарен апарат во ПУ во с. Ратавица. Последно сервисирање е извршено на 07.09.2023 година, од страна на овластен сервисер „Проком “ ДОО од Пробиштип. Училиштето има поставено и громобранска инсталација, на која редовно се врши контрола на мерење на отпор на громобранско заземјување, од страна на стручни лица.

Има сертифициран обучен кадар за давање на прва помош на учениците при несреќни случаи во училиштето. 14 вработени од училиштето се обучени за давање на прва помош на ученици и вработени при несреќни случаи и тоа: 9 во ЦУ, 3 во ПУ во Злетово и 2 во ПУ во Населба Пробиштип. Училиштето има интерен акт за постапување во случај на елементарни непогоди (План за заштита и спасување од природни непогоди со дел.бр.03-205/1 од.04.04.2018 год. и мислење од Дирекција за заштита и спасување со дел.бр.09-66/2 од 10.04.2018 година). Означен е правецот на движење на учениците и вработените во случај на елементарна непогода и поставена е шема за евакуација. Последна вежба за напуштање (евакуација) на училишната зграда на ученици и вработени при симулација на пожар е извршена на 20.05.2019 година. Училишната зграда во ЦУ е обезбедена со 5 камери за видео надзор. За време на одморите се организираат дежурства по ходниците од страна на наставниците.

Склучени се полиси за осигурување на доброволна основа за вработени и ученици, со Кроација Осигурување (бр.на полиса 010280196308 за ученици) и со Еуролинк Осигурување (бр.на полиса 010040004541 за вработени). При изборот на осигурителна компанија за осигурување на учениците бил вклучен Советот на родители. Зградата на централното училиште и дел од подрачните училишта се осигурани преку осигурителна компанија Македонија осигурување А.Д.-Скопје-Виена Иншуренс Груп (полиса бр.CIV0353106). ИКТ опремата не е осигурана.

Пристапот во училиштето е прилагоден за влез на лица со физичка попреченост. - Во централното училиштето нема организирана исхрана за учениците, но има во ПУ во Злетово и ПУво Населба Пробиштип. Училиштето има увид за квалитетот на храната што им се нуди на учениците. Се врши редовна контрола на здравствена безбедност на

храната и водата од страна на Центар за јавно здравје Пробиштип, за што до училиштето се доставуваат извештаи од тестирањето.

Училиштето води политика за забрана на пушење, консумирање алкохол и дистрибуција и консумирање на наркотични средства. Во училишната зграда има истакнати ознаки за забрани за носење оружје, за пушење, конзумирање на алкохол и наркотични средства. Во училиштето не се евидентирани појави на пушење и конзумирање на алкохол.

Училиштето има донесено Кодекс на однесување на учениците ( дел.бр.03-477/1 од 16.08.2023), Кодекс за однесување на наставниците (дел.бр.03-478/1 од 16.08.2023) и Кодекс за однесување на родителите (дел.бр.03-480/1 од 16.08.2023 година).

Училиштето има пишани документи во кои се дефинирани облици на однесување на децата и возрасните, што се сметаат за психичко и физичко насилство. Вработените ја знаат својата улога и одговорност во процесот на заштита на детето. Училиштето води евиденција за појавните форми на насилство. Не се евидентирани примери на насилство манифестирани од страна на возрасните. Стручните соработници и одделенските раководители реализираат работилници на оваа тема.

Училиштето нема процедура за обезбедување на материјални средства за учениците, кои заради социјалната загрозеност на нивните семејства не се во состојба да ја следат наставата под исти услови како и другите ученици, но во училиштето се организираат хуманитарни акции од страна на вработените и во соработка со Црвен крст – Пробиштип и Локалната самоуправа.

### 4.2 Здравје

Хигиената во училишните простории, ходниците и тоалетите е добра.

Планираните годишни активности како дезинфекција, дезинсекција и дератизација, се спроведуваат редовно ( оваа учебна година е извршена на 25.08.2023 година). Согласно календарот за здравствена заштита на учениците, се организираат редовни систематски прегледи. За наставниот кадар, на почетокот на секоја учебна година се вршат санитарни прегледи, за што се водат санитарни книшки. Се вршат и редовни систематски прегледи (на две години). Последниот систематски преглед на вработените е извршен на 16.01.2023 година, од страна на приватна здравствена установа „ЕЛИ-МЕДИКА“ П.О-Струмица,за кој е спроведена јавна набавка.

Во состав на Годишната програма е и Програмата за грижа за здравјето во која се опфатени редовните систематски прегледи на учениците, вакцинации, работилници за здрав развој, здрава храна, хронични болести, болести на зависност.

Училиштето има договорени процедури за грижа за учениците што заради хронично заболување или сериозни повреди подолго време отсуствуваат од редовна настава. Училиштето има програма за работа со ученици со емоционални проблеми.

Во случаи на појава на зараза од грип и други заразни болести, училиштето редовно соработува со епидемиолошката служба и ги следи насоките дадени од нив.

### 4.3 Советодавна помош за понатамошно образование на учениците

Училиштето организира активности за професионална ориентација на учениците согласно Програмата за професионална ориентација, која е составен дел на Годишната програма за работа. Од страна на психологот се реализираат активности со учениците во деветто одделение за утврдување на професионалните интереси и способности на учениците преку прашалник. Од учениците се изработуваат ликовни и литературни творби за идната професија/занимање. Учениците се информираат за видовите на

професии и можностите за школување, како и со Конкурсот за запишување во средни училишта.

Како дел од активностите се и презентации и посети на средни училишта кои ги запознаваат учениците со програмите кои се реализираат во средното образование.

### 4.3 Следење на напредокот

Наставниците водат евиденција за постигањата, редовноста и поведението на секој ученик во дневникот на паралелката.

Наставниците изготвуваат извештаи по квартали за својата паралелка врз основа на индивидуалните евиденции за учениците. Подготвените извештаи се доставуваат до стручните соработници за понатамошна обработка и се достапни за сите други наставници, родители и ученици. Резултатите од анализите се користат за подобрување на воспитно-образовниот процес.

Поголем број од наставниците водат евиденција за напредокот на постигањата, редовноста, поведението на секој ученик/ученичка. Во евиденцијата се внесуваат и податоци за напредокот на ученикот/ученичката, добиени врз основа на сопствена проценка и интерни критериуми.

Во одделенска настава, се водат ученички досиеја со личните трудови и постигнати резултати на учениците, евидентни листови за секој ученик каде се следи неговиот успех и поведение од страна на одделенските раководители.

## 5. УЧИЛИШНА КЛИМА

### 5.1 Училишна клима и односи во училиштето

Училишната клима и односите помеѓу учесниците во воспитно-образовниот процес во училиштето се добри, со исклучок на изолирани случаи кои не влијаат на општиот впечаток за училиштето.

Училиштето има добар углед, според изјавите на родителите, наставниците и членовите на Училишниот одбор во населеното место и пошироко во општината. Мал број од наставниците со своето однесување не придонесуваат за афирмација на училиштето, односно му нанесуваат штета на угледот на училиштето.

Поголемиот број од вработените добро ја познаваат мисијата и визијата на училиштето. Училиштето се залага за зголемување на грижатата за здравјето и безбедноста на учениците. Училиштето се залага за негување на мултикултурализмот и етничката сензитивност. Поголемиот број од наставниците уживаат почит кај родителите и поголем број од наставниците и учениците се идентификуваат со училиштето.

Училиштето има донесено Кодекси на однесување со кој се поставени правилата на однесување на учениците и останатите вработени. Во изработката на Кодексите учествувале: наставниците, педагошко-психолошката служба и учениците, а истите биле усвоени од Училишниот одбор.

Училиштето има процедури за постапување во случај на непочитување на Кодексот, и во таков случај се постапува според одредбите во Законот. Според искажувањата на учениците, мал број од учениците не го почитувааат и не се придржуваат на одредбите од Кодексот на однесување.

Во училиштето постои соработка меѓу вработените, учениците и други инволвирани во воспитно-образовниот процес, со исклучок на изолирани настани.

Раководниот орган, стручната служба и наставниците се трудат да обезбедат добра атмосфера во училиштето. Поведението и дисциплината на учениците во процесот на наставата е на задоволително ниво. Постои работна атмосфера за време на часовите. Вработените во училиштето се грижат за безбедноста на учениците за време на одморите, приемот и нивното заминување. Дежурствата на наставниците по ходниците за време на одморите се спроведува во целост.

Дисциплината во училиштето е добра, со исклучок на изолирани случаи на однесување на ученици. Проблемите со дисциплината резултираат со изрекување на педагошки мерки, согласно Правилникот за изрекување на педагошки мерки. Во учебната 2023/2024 година изречени се следните педагошки мерки: 20 усни опмени, 6 писмени опмени и 1 укор од одд. раководител. Во учебната 2022/2023 година изречени се 24 усни опмени, 6 писмени опмени, 5 укор од одд. раководител, 2 укор од одд. совет и 1 укор од наставнички совет. Овие педагошки мерки се главно поради отсуства, а помалку за нарушување на дисциплината во училиштето.

Во училиштето има Ученички парламент, кој има програма за работа, и ги имаат реализирано следните активности: работилници по повод 8 Март; Нова Година; 3 декември - Денот на деца со пречки во развојот; 2 Април - Светски ден на аутизам; 21 Март - Светски ден на Даунов синдром; организирање на новогодишна хуманитарна акција под мотото „Поклони радост“; изработка на флаери за ненасилно однесување со приклучување на иницијативата „Стоп за врсничко насилство“; по насоки од БРО реализирани се активности од проектот „Ученички активизам“ и др.

Од страна на педагошко - психолошката служба реализирани се повеќе работилници и тоа: работилници за унапредување на менталното здравје на учениците (разрешување на конфликти, емпатија, емоционална зрелост); истражување за насилно однесување на учениците во училиштето и реализирана презентација и предавања на истата тема; истражување и предавање на тема: „Сајбер насилство“; истражување на тема „Односот наставник -ученик“; предавање на тема „Заштита на деца од трговија со луѓе; обука на тема „Специфични потешкотии во учењето-дислексија“ и др.

## 5.2 Промовирање на постигањата

Училиштето презема мерки и активности за промовирање на постигањата на учениците. Промовирањата на постигањата на учениците најчесто се врши на денот на училиштето, при настап по повод државен празник, а учениците кои постигнувале успеси биле наградувани и од Градоначалникот на општината. За секое освоено место на државно ниво на учениците се доделува ваучер, а на наставникот пофалница. Постигањата на учениците во вид на признанија, плакети, пофалници и слично се истакнати по ѕидовите од ходниците и на други места во просториите на училиштето. Учениците кои постигнале добри резултати и успеси по одредени предмети се наградувани со книги, пофалници и признанија од раководниот орган.

Резултатите од постигањата на учениците се внесуваат во полугодишните и годишните извештаи на училиштето.

Училиштето ги образува учениците да ја почитуваат сопствената култура, вера и традиција, но да ги почитуваат и културите, верата и традициите на другите етнички заедници. Училиштето е вклучено во проектот на Министерството за образование и наука за Меѓуетничка интеграција на младите во образованието. Има партнер училиште, ООУ„Мустафа Кемал Ататурк“ - Центар Жупа.

### 5.2 Еднаквост и правичност

Најголем број од вработените во училиштето ги знаат и почитуваат правата на децата. Училиштето ги запознава учениците со нивните права и како да постапуваат во случај на повреда на нивните права.

Најголем број од вработените во училиштето подеднакво се однесуваат кон сите ученици без разлика на полот, социјалното потекло и способностите и кога се работи за активности на часот и за активности надвор од часовите. Училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста како темелни вредности во сите свои пишани документи и во најголем дел има развиено механизми со кои обезбедува нивно почитување во односите меѓу сите структури што учествуваат во училишниот живот. Училиштето ги образува учениците да ја почитуваат сопствената култура, вера и традиција, но да ги почитуваат и културите, верата и традициите на другите етнички заедници.

### 5.4 Партнерски однос со родителите, со локалната и со деловната заедница.

Училиштето презема активности и ја прифаќа поддршката на родителите кои сакаат да се вклучат во подобрување на воспитно-образовната работата на училиштето. Училиштето ги поттикнува родителите да се вклучат во работата на училиштето, преку формалните законски форми - Совет на родители и Училишен одбор. Задолжително се одржуваат по две родителски средби во прво полугодие и три родителски средби во второ полугодие. Родителски средби не се посетуваат од родителите на учениците со слаб успех.

Училиштето е отворено за соработка со родителите секој ден преку индивидуални средби со наставниците. Родителите се запознаени со програмата за работа на училиштето, со правата и обврските на учениците на родителската средба која се организира на почетокот на учебната година и преку информативната брошура за родителите. Училиштето соработува со локалната самоуправа - учествува во одбележувањето на значајни настани во општината и при планирање и реализација на проекти кои се од непосреден интерес за подобрување на работата во училиштето.Соработката на училиштето со локалната и деловната заедница е директно, со вклучени членови во Училишен одбор и Совет на родители, кои доѓаат од приватни фирми, и други институции и се запознаваат со потребите и условите за работа во училиштето. На состаноците со членовите на овие органи беа изнесени и конкретни примери на соработка и разрешување на проблеми, особено во насока на поддршка на училиштето во санирање и реновирање на постојните училишни објекти, уредување на училишниот двор, повторно активирање на кујната, донација на ученички униформи од локалната самоуправа, организирање на ученички екскурзии, поставување на лежачки полицајци и еднонасочен сообраќај на улицата кај централното училиште и сл.

Училиштето прави напори и соработува со институциите на локалната заедница: Центар за јавно здравје, Министерство за внатрешни работи, Центар за социјални работи, Црвен Крст, Агенција за вработување, училишта од општината и државата,

Невладини организации и здруженија и како и со други институции од општината и регионот.

Со деловната зеденица остварена е соработка со: фирмата „Генезис„ донации по повод 3-ти Декември-денот за лица со посебни образовни потреби и по повод Нова година и фирмата „Тап-Мак“ донација на лап-топ компјутер.

## 6. РЕСУРСИ

### 6.1. Просторни капацитети

Воспитно образовната дејност во централното училиште се реализира во една зграда, која се наоѓа во централниот дел на градот, и во училишни објекти во подрачните училишта во Злетово, Ратавица и населба Пробиштип. Од почетокот на учебната 2022/23 година подрачното училиште во с. Добрево престанува со работа поради немање на ученици.

Сите училишни објекти добро се одржуваат, иако се работи за релативно стари градби, особено централното (1961) и училиштето во Злетово (1966).

Училишниот простор во целост ги исполнува условите за работа, како за учениците, така и за наставниците и другите вработени.

Училишната зграда во Пробиштип е изградена во 1961 година со површина од 3 165 м$^2$ , располага со: 24 училници, 11 кабинети ( 2 математика, информатика, физика, ликовно образование, техничко обазование, историја, геграфија, биологија, хемија-природни науки и македонски јазик), библиотека, канцеларии за: директор, секретар, наставници, психолог, педагог, книговодителм и благајник, административно техничкиот кадар, англиски ресурсен центар, санитарни јазли, котлара, кујна ( која во моментот не работи), други простории.

Училишниот двор во централното училиште е делумно ограден со бетонски ѕид на кој е поставена метална ограда со три влеза, со површина од 19 600 м$^2$ и хортикултурно уреден. Во просторот на училишниот двор има спортски терен за кошарка и одбојка со трибина за гледачи и паркинг за сопствени потреби.

Училиштето располага со фискултурна сала со површина од 806 м$^{2,}$ со стандарна висина, доволно осветлена, кој е целосно реновирана во 2022 година. Хигената во спортската сала е добра. Во фискултурната сала има простории: за наставниците, соблекувални за учениците и наставниците, за спорските реквизити, санитарни јазли и трибини за гледачите. Кога временските услови се поволни наставата се реализира на отворените спортски терени.

Просториите во централното училиште и подрачните училишта во Злетово Населба Пробиштип се загреваат со парно греење на нафта, додека во подрачното училиште во с. Ратавица со парно греење на дрва.

Хигиената во училиштето и училишниот двор е добра. Санитарните јазли се во доволен број според бројот на ученици и прописно поделени на машки и женски.

Училиштето е обезбедено со 7 хидранти и 19 противпожарни апарати, и истите редовно се сервисираат.

Училишните згради се осигурани во осигурителната куќа Виена Иншуренс Груп. Учениците се осигурани во осигурителната куќа Кроација Осигурување. Вработените се осигурани во осигурителната куќа Еуролинк осигурување. Информатиичката технологија е осигурана во осигурителната куќа Виена Иншуренс Груп.

Во училиштето од I одд до IX одд. настава посетуваат 393 ученици распоредени во 23 паралелки.

Училишната зграда во подрачното училиште во с. Злетово е изградена во 1966 година ( рекострурана 2007 година ) со површина од 1 481 м$^2$ , располага со 17 училници,

канцеларии за: наставници и техничкиот кадар, библиотека, кујна, санитарни јазли, котлара и други простории.

Училишниот двор е со површина од 13 819 $м^2$ и со спортски терени за кошарка, ракомет и мал фудбал со трибини за гледачи. Училиштето располага со фискултурна сала со површина од 1 300 $м^{2,}$ со стандарна висина, доволно осветлена. Салата е донација од Аенцијата за спорт и млади, од проектот на Владата на Р.Македонија за изградба на 45 спортски сали.

Хигената во спортската сала е добра. Во фискултурната сала има простории за наставниците, соблекувални за учениците и наставниците, за спорските реквизити, санитарни јазли и трибини за гледачите. Кога временските услови се поволни наставата се реализира на отворените спортски терени.

Во училиштето од I до IX одд, настава посетуваат 147 ученици распоредени во 10 паралелки. Хигиената во училиштето и дворот е добра. Училишниот двор е хортикултурно уреден. Училишните згради во подрачното училиште во с. Пробиштип е изградена во 1986 година со површина од 852$м^2$. Располага со 5 училници, канцеларии за наставници и техничкиот кадар, библиотека, кујна, санитарни јазли, котлара и други простории. Училишниот двор е со површина од 4 920 $м^2$ и со спортски терени за кошарка, ракомет и мал фудбал. Во училиштето од I одд до V одд. настава посетуваат 63 ученици распоредени во 5 паралелки. Хигиената во училиштето е добра. Училишниот двор е хортикултурно уреден. Училишната зграда во подрачното училиште во с. Ратавица е изградена во 1950 година со површина од 115 $м^2$. Располага со 2 училници, канцеларии за наставници и техничкиот кадар, санитарни јазли и други простории. Училишниот двор е со површина од 4 590 $м^2$. Во училиштето од I до V одд. настава посетуваат 10 ученици во две комбинирани паралелки. Хигиената во училиштето е добра. Училишниот двор е хортикултурно уреден, но потебно е да се обнови оградата. Училишниот простор ги исполнува условите за изведување на настава согласно Нормативот за простор. Постојат соодветни услови за одвивање на наставата, за работа на наставниот кадар и за организирање на сите други активности. Големината на училниците и помошните простории соодветствува на бројот на учениците во паралелките, а училиштето максимално ги користи расположивите капацитети. Наставата во сите училишта се реализира во една смена.

### 6.2. Наставни средства и материјали

Училиштето располага со стручна литература и наставни средства и помагала согласно, но има потреба од нивно обновување и зголемување. Нагледните средства се сместени во помошните простории.

Училиштето ги утврдува потребите од наставни средства и помагала и настојува да ги обновува согласно потребите на воспитно-образовниот процес.

Училиштето располага со: 1 смарт табла, 5 ЛЦД проектори, 3 принтери, 3 скенери, 6 печатачи, микроскопи, 19 телевизори, касетофони, ДВД, графоскоп, музички инструменти (пијано, синтисајзер, хармоника, блок флејта, гитара и електрично пијано), спортски реквизити и др. Учењето и наставата се збогатени преку користењето на ИКТ од проектот „Компјутер за секој ученик“ во училиштето има 53 активни компјутери распоредени во 3 училници, 120 мали лап-топи за учениците, 43 таблети за учениците и 67 мали лап-топи за наставниците.

Училишната библиотека во централното училиште располага со 1210 наслови или вкупно 6776 книги од различен жанр (лектирни изданија од I до IX одд., слободна литертура, домашна литература, светска литература, стручна литература, изданија од нобеловци и др). За обновување и дополнување на книжниот фонд, посебно за лектирни

изданија училиштето континуирано врши набавки во рамките на своите можности. Во библиотеката работи еден наставник со полно работно време.

Библиотекарот има изготвено Годишна програма за работа на библиотеката. Библиотечна евиденција се води во пишана форма. Библиотеката е отворена за учениците, секој работен ден од 07.00 до 15.00 часот.

Училишната библиотека во подрачното училиште во с. Злетово располага со 1148 наслови или вкупно 3666 книги од различен жанр (лектирни изданија од I до IX одд, слободна литертура, домашна литература, светска литература, стручна литература, изданија од нобеловци и др.). Во библиотеката работат двајца наставници, еден дополнува до полно работно време и еден наставник е на определено работно време со неполн фод на часови (10 наставни часа).

Училишната библиотека во подрачното училиште во с. Пробиштип располага со 436 наслови или вкупно 1600 книги од различен жанр (лектирни изданија од I до IX одд., слободна литертура, домашна литература, светска литература, стручна литература, изданија од нобеловци и др.). Во библиотеката нема вработен наставник, наставници сами ги подигнуваат книгите.

Училиштето планира и обезбедува потрошен материјал потребен за реализација на наставните и воннаставните активности, но има потреба од нивно зголемување. Планирањето и снабдувањето со потрошен материјал се врши согласно планот на училиштето.

### 6.3. Обезбедување на потребен кадар

Училиштето има обезбедено соодветен наставен кадар за реализирање на воспитно-образовниот процес. Наставниот процес во училиштето го реализираат: 26 наставника во одделенска настава, 41 наставника во предметна настава, или вкупно 67 наставника. Од наставниот кадар 54 наставника се вработени на неопределено работно време со полн фонд на часови, 3 наставници се вработени на неопределено работно време со неполн фонд на часови, 6 наставника се вработени на определено работно време со полн фонд на часови, 5 наставника се вработени на определено работно време со неполн фонд на часови, 1 наставник е приправник, одреден број на наставници дополнуваат часови во друго училиште и обратно.

Етика во религиите, и часовите по наставниот предмет пијано во паралелката во основното музичко образование се реализираат од несоодветен наставен кадар. Училиштето редовно распишува огласи, но не се пријавуваат соодветени наставни кадри.

Во училиштето нема родова, етничка или друга дискриминација при изборот на наставниот кадар.

Освен наставниците, во воспитно-образовниот процес се вклучени стручните соработници: педагог, психолог, дефектолог/логопед и два библиотекари. Работата на наставниот кадар и стручната служба е потпомогната, надополнета и олеснета од страна на раководниот и административниот кадар: директор, раководител во подрачно училиште с.Злетово, секретар, благајник, економ администратор, книговодител (кој го води книговодството на сите училишта во општината), ноќни чувари и останат технички кадар.

Наставниците придонесуваат за работата на училиштето и успешно работат како тим во рамките на стручните активи, за кое сведочат многубројните резултати. Во случај на пократко отсуство на наставник, училиштето врши замена со постојните наставници. За подолги отсуства се бара мислење од основачот.

Стручните соработници даваат поддршка на наставниците во планирањето и реализацијата на наставата, во запишувањето и следење на напредокот на учениците, во комуникацијата со учениците и родителите или разрешување на конкретни проблеми, преку давање на советодавна помош на учениците и наставниците.

Најголем број од вработените го почитуваат работното време. Редовноста и извршувањето на работните задачи се контролира од страна на раководниот орган.

Во случај на пократко отсуство на наставник, училиштето врши замена со постојните наставници. За подолги отсуства се бара мислење од основачот и се вработува наставен кадар за замена.

### 6.4 Следење на развојните потреби на наставниот кадар

Училиштето ја почитува законската регулатива за професионален развој на кадарот. Ги идентификува потребите на наставниците за професионален развој. Во училиштето се работи според Програма за усовршување и професионален развој на наставниците и таа е составен дел на Годишната програма за работа на училиштето.

Од разговорите со наставниците, евидентна е потребата од континуирано стручно усовршување на наставниците за подобрување на стручните способности, особено за работа со надарени ученици и ученици со пречки во развојот.

Наставниците од одделенска настава и наставниците кои реализираат настава во шесто одделение имаат посетено обука за новата Концепцијата за основно образование. Училиштето учествува во сите обуки и семинари кои го унапредуваат воспитно-образовниот процес, и има воспоставено систем за дисеминација на знаењата, вештините и способностите на наставниот кадар и евиденција за извршени дисеминации од страна на наставници кои посетувале обуки. Изборот на наставници кои учествуваат на овие семинари е транспарентен и правичен.

Вреднувањето на работата на наставниците и идентификувањето на нивните потреби се врши преку посета на часови од страна на стручната служба и директорот во текот на учебната година. Во училиштето за Светскиот ден на учителот се избира по еден успешен наставник. Изборот го врши комисија, кој не секогаш е реален.

Стручната служба уредно води портфолија за професионален развој на наставниците.

### 6.5. Финансиско работење

Управувањето, раководењето и финансиското работење во училиштето е во рамките на надлежностите кои ги имаат директорот и Училишниот одбор.

Училиштето има донесено финансиски план и План за јавни набавки за 2023 година. Јавните набавки ги врши лице овластено од Училишниот одбор. Финансиското работење и завршните сметки се контролираат од Училишниот одбор.

Училиштето остварува сопствени приходи од партиципација од учениците во нижото музико училиште, која со Одлука на Училишен одбор е 500 денари.

Училиштето ги спроведува постапките за набавка на: електрична енергија, ситен инвентар за разни поправки, набавка на униформи на вработените, набавка и монтажа на парен котел, наставно нагледни средства, информатичка опрема, канцаларски материјали, средства за хигиена, набавка и монтажа на завеси за прозорите, мебел, нафта, превоз, дрва, надзор на градежни работи, рекострукција на игралиштето во централното училиште, изградба на дренажа во централното училиште, промена на фасадата на спортската сала во централното училиште, реконструкција на санитарни јазли во централното училиште и обработка и малтерисување на ѕидни површини. Најголем број на набавки се реализирани преку Комисија за јавни набавки, а во согласнот

со Законот за јавни набавки. Водени се отворени постапки – електронска аукција преку електронскиот систем на јавни набавки. Обжалување на тендерска постапка немало.

За финансиското работење училиштето ги информира органите и телата во училиштето, како и локалната власт преку полугодишниот и годишниот извештај. Буџетските приоритети се тесно поврзани и ги отсликуваат приоритетите и образовните цели на училиштето.

## 7.УПРАВУВАЊЕ И РАКОВОДЕЊЕ СО УЧИЛИШТЕТО

### 7.1.Управување/раководење со училиштето

Управувањето и раководењето со училиштето е добро. Училишниот одбор е орган на управување и е конституиран согласно законската регулатива. Училишниот одбор ги извршува своите законски обврски, презема конкретни чекори за идентификување на состојбите, поставување на приоритети и предлагање иницијативи и активности за подобрување на постигањата на учениците како и на целокупниот воспитно-образовен процес.

Сите членови на УО се со легитимен мандат. Претседателот на УО е од редот на родителите.

Училишниот одбор доволно е вклучен во креирањето политики за еколошка едукација и доволно се залага за афирмирање на инклузивноста и меѓуетничката интеграција во образованието. Училишниот одбор има програма која е составен дел на Годишната програма за работа на училиштето. Училишниот одбор работи транспарентно и има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето и другите структури.

Училишниот одбор има сопствен Деловник за работа, донесен на 29.08.2019 година, заведен со арх.бр 01-654/1, од 30.11.2020 година.

Статутот на училиштето е донесен на седница на Училишен одбор со архивски број 01-596/1 од 16.12.2019 година. Состаноците на Училишниот одбор се добро организирани, члeновите уредно и навремено се покануваaат и секогаш се обезбедува потребното мнозинство за работа. За одржаните состаноци се водат Записници (записничар е секретарот во училиштето) и истите се усвојуваат на секоја наредна седница. Училишниот одбор донесува одлуки, дава мислења, разгледува финансиски планови и извештаи. Соработката на Училишниот одбор со родителите, директорот и локалната самоуправа е добра. Годишната програма за работа на училиштето е донесена и заведена со дел.бр.01-472/1 од 14.08.2023 година,и истата е усвоена со одлука на СО-Пробиштип со одлука бр.26-828/4 од 23.08.2023 година.

В.Д Директорот на училиштето е избран со Решение на Градоначалникот на Општина Пробиштип, со арх.бр.08-690/5 од 11.07.2023 година.

Директорот на училиштето, како раководен орган, има професионален однос кон работата и како приоритет на своето работење го става подобрувањето на условите за работа на училиштето, дисциплината и постигањата на учениците. Работењето на раководниот орган е засновано на тимска работа и во таа насока донесува одговорни одлуки. Директорот на училиштето има изготвено Годишна програма за работа, која е составен дел на Годишната програма за работа на училиштето, добро ја организира и следи реализацијата на наставата и обезбедува наменско и транспарентно трошење на финансиските средства.

Раководниот орган објективно ги оценува квалитетите на вработените и нивниот придонес во работата на училиштето, знае да ја промовира добрата практика што постои во училиштето, но не доволно е критичен кон оние кои помалку, или воопшто не придонесуваат за квалитетот на образовниот процес.

Директорот во своето работење се потпира на тимската работа, формирајќи повеќе тимови за разни подрачја од работењето, како што се тимови за: Самоевалуација, изготвување на Програма за развој на училиштето, Еко програма, Програма за меѓуетничка интеграција, Програма за градиме мостови и др.

Директорот на училиштето има јасна визија за тоа што се треба да се преземе и кои се приоритетите за побрзо напредување на целокупниот воспитно-образовен процес и за постигање на поголеми резултати. Во Програмата за развој на училиштето и во Годишната програма за работа за оваа учебна година, јасно се зацртани визијата и мисијата на училиштето, определени се целите и задачите и истакнати се приоритетите за развој по години.

Во периодот од последната интегрална евалуација извршени се повеќе активности за подобрување на условите за работа: реконструкција на кровот во ПУ во Населба Пробиштип, како и промена на столаријата, реконструкција на повеќенаменското игралиште; промена на подот во спортската сала; набавка на лаптопи за наставниците; реконструкција на санитарните јазли во ПУ во Злетово, како и набавка на нови клупи, столчиња, катедри, и замена на осветлувањето со лед светилки, промена на внатрешните врати, реконструкција на повеќенаменското игралиште со вештачка трева, белење на ѕидовите во ПУ Злетово; во тек е реконструкција на игралиштето во централното училиште.

Програмата за развој на училиштето е изготвена за временски период од 4 години, што е во согласност со одредбите на Законот за основно`образование.

Резултатите од Самоевалуацијата се имплементираат во Програмата за развој на училиштето, сите цели се опфатени, активностите и конкретните цели истите се поставени во конкретна рамка на време на реализација со единствена препорака - трендот на подобрување на целокупната работа да продолжи, без надолни осцилации. Директорот ја организира и следи реализацијата на наставата и водењето на педагошката евиденција на наставниците. Директорот обезбедува наменско и транспарентно трошење на финансиските средства. Покрај средствата од Министерство за образование и наука училиштето обезбедува и дополнителни средства од издавање на фискултурната сала на спортски клубови. Училиштето обезбедува дополнителни средства од проекти со Локалната самопурава, Бизнис секторот од општината и невладини организации. Директорот учествува во работата на наставнички совет, соработува со родители, Градоначалникот и Совет на Општина како и со деловната заедница.

### 7.2 Цели и креирање на образовната политика

Целите и креирањето на училишната политика на училиштето се во согласност со државната и локалната образовна политика. Овие цели се зацртани во Програмата за развој на училиштето, како стратешки документ донесен од страна на Училишниот одбор. Во училиштето овие цели се насочени на подобрување на квалитетот на воспитно-образовниот процес. Органите и телата во училиштето, како и наставниците, вклучени во разните тимови се вклучени во креирањето на училишната образовна политика. Во креирањето на училишните образовни политики активно се вклучени и родителите, преку формалните тела (Совет на родители, одборите на паралелките и на други начини). Родителите на учениците, кои постигаат послаби резултати, покажуваат помал интерес за вклучување во животот и работата на училиштето,особено во ПУ-во с.Злетово. Проекти од Министерство за образование и наука кои се реализираат во училиштето се интеграција на еколошкото образование во образовниот систем, како и обуките и семинарите на наставниците организирани од Министерство за образование и наука и

Биро за развој на образованието. Во креирањето на целите и стратегиите се вклучени сите органи, со што се обезбедува транспарентност при планирањето и реализацијата на поставените цел. Училиштето има изработено самоевалуација со дел.бр.01-411/1 од 29.06.2023 година во која прецизно се забележани јаките страни во работењето, но и слабите страни, кои треба во иднина да се подобруваат. Соодветно на детектираните слаби страни во самоевалуацијата, училиштето има донесено Програма за развој на училиштето од 14.09.2023 година заведена со дел.бр.01-632/1.

Во Програмата целите на развојната политика се прецизни, и јасно отсликани и сите опфатени, мисијата и визијата на училиштето, а при нивните поставувања се вклучени наставниците, родителите, учениците и претставниците на локалната заедница. За сите поставени цели се изготвени акциски планови со носители на активностите со временски рок по години и континуирано извршување.

Евидентно во Програмата за развој на училиштето е тоа што тежиштето на реализацијата на зацртаните развојни политики не е подеднакво застапено по години. Потребно е подолготрајно планирање на активностите во континуитет. Училиштето има изготвено ревидирање на Програмата за развој на училиштето.

Училиштето навремено ги идентификува потребите од стручно усовршување на кадарот. Има систем за обезбедување на финансиски средства во согласност со потребите за стручно усовршување на сите вработени. Училиштето има воспоставено систем за десиминација на стекнатото знаење. Училиштето ги идентификува потребите од материјално технички средства и во согласност со финансиските можности ги обезбедува. Директорот на училиштето ги познава законските прописи за јавните набавки. Планот за јавни набавки за 2023 година е донесен на 31.01.2023 год со арх.бр.05-59/1. За учебната година, јавната набавка за помошен матерјал, нагледни стредства за училиштето за осовременување на наставата се спроведени и истите се согласно законот за јавни набавки. Училиштето има документ – програма за професионален развој на наставниците и стручните соработници со арх.бр 04-709/1 од.06.10.2023 година, која е составен дел на Годишната програма за работа на училиштето. Училиштето според потребите интервенира и обезбедува средства за подобрување на инфраструктурата.

## 8. Наоди и препораки

### .8.1 Силни страни

- Вложување во инфраструктурни проекти за подобри услови за работа;
- Кабинетска настава;
- Учества на натпревари кои се организираат на општинско, регионално и државно ниво и освојување на високи награди;
- Училишната клима и односите помеѓу најголем број од учесниците во воспитно-образовниот процес во училиштето се добри;
- Училиштето води грижа за учениците со посебни образовни потреби;
- Активен училишен спортски клуб;
- Добро раководење, управување и финансиско работење на училиштето.

### 8.2 Слаби страни

- Опременоста на централното и подрачните училишта со ИКТ технологија делумно задоволува;

- Членовите на ученичкиот парламент сами не иницираат состаноци и активности, не работат на самостојно иницирани проекти, не се вклучени во подготовката на годишната програма, не дале предлози за вонннаставни активности;
- Дополнителната настава во предметна настава не се реализира во целост, согласно распоредот, од страна на поголем број наставници;
- Изборот на методи, задачи и активности за време на часот, не се приспособува на индивидуалните образовни потреби на учениците;
- Поголем број од наставниците не се придржуваат до дидактичките насоки согласно Упатството за начинот и формата на подготвување, планирање, задавање, реализирање и следење на домашните задачи на учениците од основното образование.

## 8.3 Препораки

- Опремување на централното и подрачните училишта со ИКТ технологија;
- Да се зајакне улогата на ученичкиот парламент;
- Целосно исполнување на распоредот за дополнителна настава, во предметна настава;
- Изборот на методи, задачи и активности за време на часот, да се приспособува на индивидуалните образовни потреби на учениците;
- Доследно почитување на дидактичките насоки согласно Упатството за начинот и формата на подготвување, планирање, задавање, реализирање и следење на домашните задачи на учениците од основното образование.

| | |
|---|---|
| Елена Павлова, раководител на инспекциски тим | |
| Зоранчо Горгиев, државен просветен инспектор | |
| Дејан Доневски, државен просветен инспектор | |